**Реализирани првите исплати на средства од ИПАРД Програмата по деветтиот Јавен повик (01/2014)**

По успешната реализација на одобрените инвестиции, двајца корисници кои потпишаа Договор со Агенцијата за користење на средства од ИПАРД Програмата по деветтиот Јавен повик (01/2014), добија средства од ЕУ фондовите за рурален развој.




Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој исплати 471.917 денари на корисникот Јосиф Ивановски од Вардарскиот регион за обновување на постоечки овошни насади. Од вкупно исплатените средства 353.938 денари се средства од буџетот на ЕУ и 117.979 денари се национален дел.

На корисникот Ванчо Цветков од Вардарскиот регион исплатени се средства во износ од 108,976 денари од кои 81,732 денари се средства од буџетот на ЕУ и 27,244 денари се средства од буџетот на РМ и истите се наменети за обновување на постоечки овошни насади.